МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА
НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ
Бр. 03-820/1
18.04. 2025 год.
СКОПЈЕ

# КОНКУРС ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА МАКЕДОНСКАТА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ

**во работниот состав, надвор од работниот состав и на почесни членови и за промена на статусот член надвор од работниот состав во статус на редовен или на дописен член**

I. Врз основа на член 46 од Статутот на Македонската академија на науките и уметностите – пречистен текст („Билтен“ бр. 1/13), Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Македонската академија на науките и уметностите („Билтен“ бр. 1/14), Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Македонската академија на науките и уметностите („Билтен“ бр. 1/15), Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Македонската академија на науките и уметностите („Билтен“ бр. 1/16) и Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Македонската академија на науките и уметностите („Билтен“ бр. 14/20), Македонската академија на науките и уметностите (во понатамошниот текст: Академијата) објавува

## КОНКУРС ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА АКАДЕМИЈАТА

**1. во работниот состав**

Во согласност со член 45-б, став 1 и став 2 од Статутот на Македонската академија на науките и уметностите (во понатамошниот текст: Статут на Академијата):

– За редовни членови на Академијата се избираат истакнати научници или уметници, чии индивидуални научни трудови или уметнички остварувања претставуваат високи достигнувања и се меѓународно признати, кои постојано живеат во Република Северна Македонија и се нејзини државјани.

Изборот на редовни членови на Академијата го врши Собранието на Академијата, а дописен член може да биде избран за редовен член на Академијата (академик) по предлог на одделението во кое ја остварувал својата дејност во согласност со Законот за Македонската академија на науките и уметностите, Статутот на Академијата, Конкурсот и со правилниците што ги уредуваат постапката и критериумите за избор на членови на Академијата.

– За дописни членови на Академијата се избираат истакнати научници или уметници кои, на денот на објавувањето на Конкурсот, немаат навршено 70 години возраст, чии индивидуални научни трудови или уметнички остварувања претставуваат значаен придонес и се меѓународно признати, кои постојано живеат во Република Северна Македонија и се нејзини државјани.

Во согласност со член 46 од Статутот на Академијата, врз основа на овој конкурс ќе се врши избор на:

– еден дописен член во *Одделението за лингвистика и литературна наука* од областа на литературната наука;

– два дописни члена во *Одделението за општествени науки* од полето правни науки (еден член) и од полето археологија (еден член);

– два дописни члена во *Одделението за технички науки* од сите области на техничките науки;

– два дописни члена во *Одделението за природно-математички и биотехнички науки* од подрачјето на природно-математичките науки (еден член) и од подрачјето на биотехничките науки (еден член); и

– пет дописни членови во *Одделението за уметност* од сите области на уметностите.

Изборот на дописни членови на Академијата го врши Собранието на Академијата, по предлог од одделенијата на Академијата, сенатите на универзитетите, наставно-научните совети на факултетите, наставно-научните уметнички совети на уметничките академии и од советите на научните установи, а во согласност со Законот за Македонската академија на науките и уметностите, Статутот на Академијата, Конкурсот и со правилниците што ги уредуваат постапката и критериумите за избор на членови на Академијата.

Одделенијата на Академијата утврдуваат предлози за истакнување кандидатура на определен научник или уметник за дописен член.

Сенатите на универзитетите, наставно-научните совети на факултетите, наставно-научните и уметничките совети на уметничките академии и советите на научните установи доставуваат предлог-кандидат за избор на дописен член на Академијата што е или бил во работен однос во институцијата кај предлагачот и ја остварувал својата дејност кај нив.

**2. надвор од работниот состав и на почесни членови**

Во согласност со член 45-б, став 3 и став 4 од Статутот на Академијата:

– За членови на Академијата надвор од работниот состав се избираат истакнати научници или уметници кои се државјани на Република Северна Македонија, а не живеат постојано во Републиката, или се странски државјани, чии научни трудови или уметнички остварувања претставуваат високи достигнувања и се пошироко признати, а особено оние чии научни трудови или уметнички остварувања се од значење за Републиката.

– За почесни членови на Академијата се избираат лица кои имаат особено големи заслуги за развојот на науката и уметноста во Републиката.

Предлог за избор на член надвор од работниот состав и на почесен член на Академијата може да поднесат одделенијата на Академијата.

**3. за промена на статусот член надвор од работниот состав во статус на редовен или на дописен член**

Во согласност со член 68 и со член 69 од Статутот на Академијата, услови за промена на статусот член на Академијата надвор од работниот состав во статусот член на Академијата во работниот состав има доколку:

– член на Академијата надвор од работниот состав, кој е државјанин на Република Северна Македонија, стекнал постојано живеалиште во Републиката (повеќе од една година) и остварува континуирана научноистражувачка и уметничка активност во неа или

– членот на Академијата надвор од работниот состав, кој е странски државјанин, прими државјанство на Република Северна Македонија, стекнал постојано живеалиште во Републиката (повеќе од една година) и остварува континуирана научноистражувачка и уметничка активност во неа.

Предлог за промена на статусот член надвор од работниот состав во статусот редовен или дописен член може да поднесат одделенијата на Академијата.

II. Во согласност со член 45-в од Статутот на Академијата, за членови на Академијата се избираат:

- истакнати научници, доктори на науки од соодветната област, и
- истакнати уметници со високо образование.

III. Предлозите за избор се доставуваат **во текот на два месеца од денот на објавувањето на овој конкурс.**

Предлогот доставен од определено одделение на Академијата ќе се смета за полноважен доколку е утврден со тајно гласање на седница на одделението, со мнозинство

гласови од вкупниот број членови на одделението (за дописни членови), односно од вкупниот број редовни членови на одделението (за редовни членови).

За полноважен ќе се смета предлогот доставен од сенатот на определен универзитет, наставно-научниот совет на определен факултет, наставно-научниот уметнички совет на определена уметничка академија и од советот на определена научна установа, кој врз основа на одделни писмени рецензии од двајца редовни професори, или од двајца научни соработници со звање научен советник во редовен работен однос кај предлагачот, е утврден со тајно гласање на седница на: сенатот на универзитетот, наставно-научниот совет на факултетот, наставно-научниот уметнички совет на уметничката академија, советот на научната установа, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на сенатот, односно на советот, со наставно-научни звања (редовни професори, вонредни професори и доценти) и со научни звања (научни советници, виши научни соработници и научни соработници).

IV. Предлогот за истакнување на кандидатурата, односно за избор на кандидати, треба да содржи образложена оцена на научните трудови или на уметничките творби на кандидатот. Кон предлогот треба да бидат приложени: биографија на кандидатот; список на неговите научни трудови или уметнички творби; по еден примерок од неговите научни трудови, литературни или музички творби, односно албуми, каталози и снимки од музичките, ликовните и скулпторските творби; писмена изјава од кандидатот за негова согласност со кандидатурата за избор; други документи предвидени во Конкурсот.

Кон предлогот за избор на дописен член поднесен од сенатот на определен универзитет, наставно-научниот совет на определен факултет, наставно-научниот уметнички совет на определена уметничка академија и од советот на определена научна установа, треба да бидат приложени и одделни писмени рецензии со оцена и мислење од двајца рецензенти за научната и уметничката вредност на трудовите, односно за творбите на кандидатот.

Предлогот за избор на дописен член, биографијата на кандидатот и списокот на неговите научни, односно уметнички дела, како и рефератите приложени кон предлогот, треба да бидат технички унифицирани – во фонт *Times New Roman*, со големина на буквите 12, со македонска поддршка, со 1,5 проред и со потврдена јазична редакција од овластен лектор по македонски јазик, и да бидат доставени и во печатена и во електронска форма

Во прилог на предлозите треба да биде содржан и примерок од записникот од седницата на која се утврдени предлозите.

Записникот од одржаната седница на соодветното одделение на Академијата треба да содржи податоци за: вкупниот број редовни и дописни членови на одделението; бројот на редовни и на дописни членови што присуствувале на седницата и бројот на членовите што гласале за усвојување на предлогот за истакнување на кандидатурата.

Записникот од седницата на сенатот на определен универзитет, од наставно-научниот совет на определен факултет, наставно-научниот уметнички совет на определена уметничка академија и од советот на определена научна установа, треба да содржи податоци за: вкупниот број членови на сенатот на универзитетот, наставно-научниот совет на факултетот, наставно-научниот уметнички совет на уметничката академија и советот на научната установа; бројот на членови со научни и со наставно-научни звања; бројот на членови со научни и со наставно-научни звања што присуствувале на седницата и бројот на членови со научни и со наставно-научни звања што гласале за усвојување на предлогот за избор.

V. Предлозите што се поднесени од предлагачи што не се определени во Законот за Македонската академија на науките и уметностите и во овој конкурс, како и предлозите што се поднесени по истекот на определениот рок или што не се утврдени во постапка и според условите определени во Статутот на Академијата, во овој конкурс и во правилниците што

ги уредуваат постапката и критериумите за избор на членови на Академијата, нема да бидат разгледувани и земени предвид во понатамошната постапка.

Македонска академија на
науките и уметностите

акад. Живко Попов,
претседател на МАНУ